Акционерско друштво во државна
сопственост за управување со воздушниот сообраќај
и давање услуги во воздухопловна навигација

Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për
Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve
në Navigacionin Ajror

Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација
Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve në Navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 0501 - 180/1
18-02-2026 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# М-НАВ АД СКОПЈЕ

# Тримесечен извештај за работа на М-НАВ АД Скопје за период јули – септември 2025 година

Февруари, 2026 година

"Босфор" Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

"Bosfor" Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот:** Тримесечен извештај за работата на М-НАВ АД Скопје, во кој се резимирани активностите на М-НАВ АД Скопје во периодот од 01.07 – 30.09.2025 година, а истиот вклучува Резиме на активностите на Друштвото во извештајниот период, Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи со пресек 13.11.2025 година, како и Компаративна анализа на реализирани приходи и расходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година.

**Наслов**

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА М-НАВ АД СКОПЈЕ**

**ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| **Референтен број:** МНВ-810-103.06 | **Издание број:** 1.0 |
| | **Дата:** 04/02/2026 |

**Извадок:**

"Како што може да се види од Табелата 2.2 погоре, во третото тримесечје од 2025 година М-НАВ АД Скопје реализира за 19,33% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот период"...

**Клучни зборови:**

Планирани приходи, планирани расходи, реализирани приходи, реализирани расходи, вкупни приходи, вкупни расходи.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/провериле/одобриле овој документ

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработил Самостоен советник за контрола на буџет | Игор Андреевски | 04.02.2026 |
| Контролирал аспект - квалитет Шеф на Отсек за квалитет – безбедност во Одделение за интегриран менаџмент систем | Леонора Шаља | 04.02.2026 |
| Контролирал аспект – усогласеност Раководител на Одделение за внатрешна ревизија | Валентина Димевска | 04.02.2026 |
| Одобриле<br><br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна навигација | Владимир Ристески | 04.02.2026 |
| Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна техника | Милан Корак | 04.02.2026 |
| Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | Fatmir Zimberi | 04.02.2026 |

## Содржина

1. Резиме на активностите на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година....5

2. Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година....8

3. Анализа на реализирани приходи и расходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година....12

4. Информација за финансиското работење на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година....18

# 1 Резиме на активностите на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година

- Вкупниот сообраќај во третото тримесечје од 2025 година, во споредба со истиот период од 2024 година е зголемен за 3,4%, со што заклучно со ова тримесечје просечното зголемување е 9,1% и е над рамките на предвидувањата од Eurocontrol. За следните месеци истотака се очекува сличен тренд на зголемување на сообраќајот;
- Во согласност со Договорот за заем, Оп. Бр. 53184 склучен со ЕБОР на 29.07.2022 година со кој се овозможи континуитет во реализацијата на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација првично започнат во рамки на Договорот за заем склучен со ЕБОР на 23.09.2013 година, на ден 13.02.2023 година склучен е Договор за грант со ЕБОР за техничка соработка за надградба на АТМ системот во Република Северна Македонија во вкупен износ од 406.000,00 еур кој ќе се користи наменски за реализација на следните договори за консултански услуги кои ќе се склучат по спроведени постапки за набавка во согласност со Политиките и правилата за набавка на ЕБОР и тоа:

✓ Договор за консултантски услуги за асистенција на проектната единица за имплементација на проектите (PIU Assistance Consultancy Contract) кои произлегуваат од Договорот за заем со ЕБОР, Оп. Бр. 53184 во износ од 169.989,00 еур кој е склучен на 16.05.2023 година и во тек е негова имплементација;

✓ Договор за консултантски услуги за техничка поддршка за обука на контролори на летање (SECSI FRA Consultancy Contract) во износ од 162.000,00 еур кој е склучен на 19.10.2023 година чија реализација заврши во првата половина од 2024 година;

- Договор за консултантски услуги за поддршка на изготвување на Безбедносен случај (Safety Case) во износ кој не надминува 74.000,00 еур при што во извештајниот период се одвиваше координација помеѓу М-НАВ АД Скопје и ЕБОР во поглед на изготвувањето на тендерската документација и поставување на истата за разгледување на порталот за набавки на ЕБОР (ECEPP);
- Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација кој започна согласно Договорот за заем склучен со ЕБОР на 24.09.2013 година, продолжи со реализација во рамките на новиот Договор за заем склучен со ЕБОР на 29.07.2022 година при што:

  ✓ Во однос на Договорот за набавка, инсталирање и пуштање во работа на АТМ систем вклучувајќи и техничко-оперативна сала за истиот кој е потпишан на 14.12.2018 година во извештајниот период се продолжи со активностите, т.е. во третото тримесечје продолжи транзиционата фаза на работа на новиот систем. Поради нотификација на повеќе недоследности во работата на новиот систем и барање за исправка на истите беше проследена до Леонардо, а земајќи го во предвид зголемување на нивото на сообраќај кое е вообичаено за овој квартал, беше договорено со втората фаза на транзиција да се продолжи во октомври 2025 година, како не би се загрозило оперативното работење на М-НАВ АД Скопје;

  ✓ Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа на нов Mode-S радар се склучи на 02.12.2022 година и неговата реализација се одвива со одредени задоцнувања поради добавувачот.

По претходно извршената достава на новиот систем во Скопје, во извештајниот период предмет на преговори беа доцнењата во реализацијата на проектот, како и изнаоѓање нови технички решенија за самата изведба на проектот;

- ✓ УО донесе и одлука за исклучување на постојниот радар Скопје и почеток на активности за имплементација на проектот нов Mode S радар;
- ✓ Реализацијата на Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа на VCS системот склучен на 20.05.2022 година е целосно комплетирана со извршување на финалното плаќање на 09.05.2024 година;
- ✓ Во врска со реализацијата на Проектот за набавка, инсталација и пуштање во работа на VHF системот, во текот на септември 2022 година, спроведени се фазите на SAT и OAT - тестовите согласно кои се издадени сертификати со забелешка дека минорни активности (отстранување на старата антена) поради недостапноста на Солунска глава ќе бидат извршени во текот на второто тримесечје од 2026 година, и се очекува до крајот на годината да биде извршено и финалното плаќање по договорот;

- Во текот на третото тримесечје од 2025 година се реализираа стандардните и вообичаени активностите на М-НАВ АД Скопје во регионалните и мултилатералните активности во рамки на работните групи на Eurocontrol, ICAO, NATO и CANSO;
- Вложувајќи максимален напор од страна на расположливиот оперативен човечки потенцијал М-НАВ АД Скопје во третото тримесечје одговори во најголема мера на барањата на Network Manager во однос на сообраќајот притоа земајќи ги во предвид расположливите технички ограничувања и капацитети, едновремено одржувајќи високо ниво на безбедност и сигурност на услугите на воздухопловна навигација;
- Координација и информирање на Владата на Република Северна Македонија и ресорните министерства за тековните состојби и активности на Друштвото;
- Континуирано одржување на тековните системи и опрема, оптимизирање и менаџирање на постоечкиот човечки ресурс како и процеси за вработување на нови кадри потребни за обезбедување на непречено и високо ниво на безбедност и сигурност на услугите на воздухопловна навигација;
- Активности за давање на услуги на НАТО воздухоплови, како и активно учество во усогласување на потребната регулатива со Министерството за одбрана на РСМ;
- Управниот одбор врз основа на добиените согласности од Министерството за финансии на Република Северна Македонија бр.19-6714/2 од 02.07.2025 година (М-НАВ АД Скопје арх.бр.0302-660/3 од 02.07.2025 година) и согласност бр.19-7146/2 од 02.07.2025 година (М-НАВ АД Скопје арх.бр.0302-705/5 од 02.07.2025 година) за вработување на неопределено време на вкупно 8 (осум) лица за систематизираните работни места и тоа: Студент ВМПИ, во Одделение за метеоролошко обезбедување на воздушната пловидба, Отсек за воздухопловни мет мерења, опсервации и информации - Скопје во Сектор за воздухопловна навигација- 4 (четири) извршители; Студент ВММОИ, во Одделение за метеоролошко обезбедување на воздушната пловидба, Отсек за воздухопловни мет мерења, опсервации и информации - Скопје во Сектор за воздухопловна навигација - 1 (еден) извршител; Експерт за информатичка безбедност (Cyber security) во Одделение за интегриран

менаџмент систем – ИМС, Отсек обезбедување-безбедност – 1 (еден) извршител; Самостоен советник во кабинет на извршниот директор во Сектор за финансиски работи правни работи развој и инвестиции - 1 (еден) извршител;Обезбедувач на имот Скопје во Одделение за општи работи во Сектор за финансиски работи правни работи развој и инвестиции 1 (еден) извршител;

- Според статистиките на Централното биро за наплата (Central Route Charging Office - CRCO) на EUROCONTROL за реализираните наплатни единици од прелетите во 2025 година, Република Северна Македонија во третото тримесечје од 2025 година бележи зголемување од 1,5% во однос на истиот период во 2024 година, односно 2,9% во однос на планиранот сообраќај за третото тримесечје од 2025 година;
- Во текот на третото тримесечје во 2025 година се опслужени вкупно 106.172 летови од кои 98.367 прелети и 7.805 полетувања и слетувања на аеродромите во Скопје и Охрид;
- Бројот на прелетите во воздушниот простор на РСМ во третото тримесечје од 2025 година е зголемен за 3,1%, додека бројот на операциите на аеродромите во Скопје и Охрид е зголемен за 4,9% споредено со истиот период во 2024 година;
- Табела од Централното Биро на EUROCONTROL за реализирани наплатни единици од прелетите над Република Северна Македонија во периодот од 01.01 до 30.09.2025 година:

| Month | | 2025 Actual | 2025 States' Forecast | 2024 Actual | 2023 Actual | % 2025 A / 2025 F | % 2025 A / 2024 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (4) | (1)/(2) | (1)/(3) |
| 1 | January | 27,175 | *22,632* | 22,946 | 23,893 | 20.1% | 18.4% |
| 2 | February | 26,228 | *21,487* | 21,786 | 23,681 | 22.1% | 20.4% |
| 3 | March | 30,783 | *25,656* | 26,012 | 30,228 | 20.0% | 18.3% |
| 4 | April | 43,248 | *39,558* | 40,107 | 38,103 | 9.3% | 7.8% |
| 5 | May | 53,916 | *48,836* | 49,514 | 47,766 | 10.4% | 8.9% |
| 6 | June | 64,295 | *52,697* | 53,429 | 52,333 | 22.0% | 20.3% |
| 7 | July | 63,280 | *60,668* | 61,511 | 57,365 | 4.3% | 2.9% |
| 8 | August | 64,036 | *65,787* | 66,701 | 57,317 | -2.7% | -4.0% |
| 9 | September | 61,001 | *56,591* | 57,377 | 54,508 | 7.8% | 6.3% |
| 10 | October | | *61,532* | 62,387 | 45,432 | | |
| 11 | November | | *30,207* | 30,627 | 25,894 | | |
| 12 | December | | *27,351* | 27,731 | 25,488 | | |
| **TOTAL** | | **433,961** | *513,000* | 520,129 | 482,009 | **10.2%** | **8.7%** |

Со почит,

**Претседател на Управен одбор**

**Владимир Ристески**

# 2 Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година

## 2.1 Анализа на планирани и реализирани приходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година

Како што може да се види од табелата 2.1 подолу, во третото тримесечје од 2025 година М-НАВ АД Скопје реализира за 3,22% повеќе приходи во однос на планираните за извештајниот период и тоа:

- 2,40% повеќе реализирани приходи од прелети на воздухоплови;
- 8,67% повеќе реализирани приходи од терминалните услуги на воздухопловна навигација и
- 22,88% повеќе реализирани останати приходи.




**Табела 2.1: Планирани и реализирани приходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година[1]**

| *Вид на приходи* | *Планирани приходи 01.07 - 30.09.2025* | *Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2025* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| *Прелети на воздухоплови* | 441.124.057,00 | 451.726.402,68 | 102,40 |
| | | | |
| *Терминални услуги* | 55.378.018,00 | 60.180.474,52 | 108,67 |
| | | | |
| *Останати приходи* | 3.075.000,00 | 3.778.416,19 | 122,88 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***499.577.075,00*** | ***515.685.293,39*** | ***103,22*** |

[1] Извор: Годишен финансиски план на М-НАВ АД Скопје за 2025 година; Бруто-биланси на М-НАВ АД Скопје за период 01.07-30.09.2025 година (со датум од 13.11.2025 година).

Во третото тримесечје од 2025 година се забележува понатамошно нормализирање на состојбата во авиосообраќајот и пораст на вкупниот број на летови во воздушниот простор на Република Северна Македонија. Нивото на сообраќајот веќе значително го надмина предпандемиското ниво од 2019 година. Како резултат на геополитичките случувања во Украина и на Средниот исток се случува флуктуација на авио сообраќајот јужно кон земјите од регионов, што доведе до пораст на авиосообраќајот заедно со зголемениот број на летови кон туристичките дестинации во регионот на Медитеранот во овој период од годината.

### 2.1.1 *Графички приказ на планирани и реализирани приходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година*



## 2.2 Анализа на планирани и реализирани расходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година

Табела 2.2: Планирани и реализирани расходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година[2]

| *Вид на расходи* | *Планирани расходи 01.07-30.09.2025* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2025* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **283.656.538,00** | **248.823.947,00** | **87,72** |
| Бруто плати | 271.656.538,00 | 244.967.152,00 | 90,18 |
| Други трошоци за вработените | 12,000.000,00 | 3.856.795,00 | 32,14 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **26.750.000,00** | **13.812.383,79** | **51,64** |
| Трошоци за суровини и материјали | 750.000,00 | 907.595,27 | 121,01 |
| Трошоци за резервни делови | 3.000.000,00 | 176.028,64 | 5,87 |
| Потрошена енергија | 6.000.000,00 | 5.011.023,89 | 83,52 |
| Транспортни услуги | 1.000.000,00 | 206.810,25 | 20,68 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 5.000.000,00 | 4.310.275,74 | 86,21 |
| Трошоци за одржување | 10.500.000,00 | 3.200.650,00 | 30,48 |
| Дополнително утврдени трошоци од минати години | 500.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **24.512.500,00** | **8.530.347,39** | **34,80** |
| Закуп на канцелариски простор | 750.000,00 | 486.372,00 | 64,85 |
| Останати услуги | 212.500,00 | 216.258,00 | 101,77 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 4.000.000,00 | 1.136.058,40 | 28,40 |
| Трошоци за репрезентација | 1.000.000,00 | 92.699,99 | 9,27 |
| Премии за осигурување | 4.100.000,00 | 4.047.812,06 | 98,73 |
| Чланарини во меѓународни организации и друго | 450.000,00 | 491.177,76 | 109,15 |
| Останати нематеријални трошоци | 14.000.000,00 | 2.059.969,18 | 14,71 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **16.561.500,00** | **16.561.500,00** | **100,00** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **2.500.000,00** | **8.850,00** | **0,35** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **7.500.000,00** | **3.856.945,06** | **51,43** |
| Банкарски трошоци | 1.250.000,00 | 634.710,04 | 50,78 |
| Камати по банкарски кредити | 6.250.000,00 | 3.222.235,02 | 51,56 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***361.480.538,00*** | ***291.593.973,24*** | ***80,67*** |

[2] Извор: Годишен финансиски план на М-НАВ АД Скопје за 2025 година; Бруто-биланси на М-НАВ АД Скопје за период 01.07-30.09.2025 година (со датум од 13.11.2025 година).

### 2.2.1 Графички приказ на планирани и реализирани расходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година




Како што може да се види од табелата 2.2 погоре, во третото тримесечје од 2025 година М-НАВ АД Скопје реализира за 19,33% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот период, при што:

- Ставката – потрошени суровини и материјали, реализирани се повеќе средства од планираните за 21,01%, но вредносно зголемувањето е мало и нема значајни финансиски импликации на Друштвото;
- Ставката - останати услуги[3], реализирани се повеќе средства од планираните за 1,77% но вредносно зголемувањето е мало и нема значајни финансиски импликации на Друштвото;
- Ставката – членарини во меѓународни организации, реализирани се повеќе средства од планираните за 9,15%, но вредносно зголемувањето е мало и нема значајни финансиски импликации на Друштвото;
- Амортизацијата е пресметана согласно сметководствената политика на М-НАВ АД Скопје во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Со оглед на фактот што кај најголем дел од ставките на реализирани расходи во однос на планираните за третото тримесечје од 2025 година нема отстапување (со исклучок на горенаведените ставки, кои се резултат на околности што не можеле да се предвидат во процесот на планирање), се доаѓа до заклучок дека трошоците што се зголемиле за периодот не влијаат на реализацијата на редовните планирани ставки. Тоа значи дека ефектите од настанатите отстапувања кај овие ставки немаат директно влијание на остварување на целите од финансискиот план на Друштвото за 2025 година, заради што Управниот одбор нема потреба да презема дополнителни мерки за пренамена на средства во рамки на истиот финансиски план, односно

[3] Тука влегуваат трошоците за регистрација на службени возила, огласи во весници за објавување на јавни набавки, услуги за дератизација на просториите на Друштвото, како и услуги на физичко обезбедување.

одложување на реализација на одредена цел или евентуално обезбедување на дополнителни извори на финансирање.

Дополнително, кај неколку ставки на реализирани расходи во однос на планираните за третото тримесечје од 2025 година има многу помало остварување од различни причини[4].

Согласно горенаведената анализа, во третото тримесечје од 2025 година реализирани се поголеми приходи од расходи (сметководствена добивка) во износ од 224.091.320,15 денари.

# 3 Анализа на реализирани приходи и расходи на М-НАВ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година

## 3.1 Анализа на реализирани приходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година

Како што може да се види од Табелата 3.1 подолу, реализираните вкупни приходи на М-НАВ АД Скопје во третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година се зголемени за 0,63% и тоа: приходите од прелети се зголемени за 0,72%, приходите од терминални услуги бележат намалување од 1,23%, додека останатите приходи бележат зголемување од 23,76%.




Секако и тука ќе споменеме дека реализираните приходи во третото тримесечје од 2025 година во однос на истиот период од 2024 година беа поголеми како резултат на зголемениот обем на воздушен сообраќај. Тоа се должи на нормализацијата на воздушниот сообраќај после Covid-19 кризата,

[4] - отстапувањата кај ставките на трошоци за резервни делови и трошоци за одржување произлегуваат од фактот што не се реализираа поголем дел од првично планираните трошоци кои беа наменети за елиминирање на секаква можност од застој во функционирањето на системите со подолго времетраење на оперативна употреба;
- отстапувањата кај ставките трошоци за репрезентација и трошоци за службени птувања произлегуваат од намалениот обем на службени патувања во извештајниот период;
- отстапување кај финансиските трошоци произлегува врз основа на помалиот износ на исплатени камати по повлечени средства по основ на новиот заем со ЕБОР склучен на 29 јули 2022 година заради оддолжување на првично планираната динамика на имплементација на проектите предвидени со овој заем.

како и зголемен број на летови кон туристичките дестинации во регионот во овој период од годината.

**Табела 3.1: Реализирани приходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година[5]**

| ***Вид на приходи*** | ***Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2025*** | ***Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2024*** | ***индекс*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***Прелети на воздухоплови*** | 451.726.402,68 | 448.494.639,85 | 100,72 |
| | | | |
| ***Терминални услуги*** | 60.180.474,52 | 60.930.136,41 | 98,77 |
| | | | |
| ***Останати приходи*** | 3.778.416,19 | 3.052.980,39 | 123,76 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***515.685.293,39*** | ***512.477.756,66*** | ***100,63*** |

### *3.1.1 Графички приказ на реализирани приходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година*




[5] Извор: Бруто-биланси на М-НАВ АД Скопје за период 01.07-30.09.2025 година (со датум од 13.11.2025 година); Тримесечен извештај за работа на М-НАВ АД Скопје за период јули – септември 2024 година.

### 3.2 Анализа на реализирани расходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година

**Табела 3.2: Реализирани расходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година[6]**

| *Вид на расходи* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2025* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2024* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **248.823.947,00** | **274.737.633,00** | **90,57** |
| Бруто плати | 244.967.152,00 | 262.916.849,00 | 93,17 |
| Други трошоци за вработените | 3.856.795,00 | 11.820.784,00 | 32,63 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **13.812.383,79** | **14.549.912,94** | **94,93** |
| Трошоци за суровини и материјали | 907.595,27 | 272.966,00 | 332,49 |
| Трошоци за резервни делови | 176.028,64 | 2.124,00 | 8.287,60 |
| Потрошена енергија | 5.011.023,89 | 7.631.437,00 | 65,66 |
| Транспортни услуги | 206.810,25 | 211.770,76 | 97,66 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 4.310.275,74 | 3.935.115,43 | 109,53 |
| Трошоци за одржување | 3.200.650,00 | 2.425.441,75 | 131,96 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 0,00 | 71.058,00 | 0,00 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **8.530.347,39** | **7.421.323,30** | **114,94** |
| Закуп на канцелариски простор | 486.372,00 | 406.056,00 | 119,78 |
| Останати услуги | 216.258,00 | 704.199,00 | 30,71 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 1.136.058,40 | 2.039.692,77 | 55,70 |
| Трошоци за репрезентација | 92.699,99 | 109.043,36 | 85,01 |
| Премии за осигурување | 4.047.812,06 | 1.527.771,00 | 264,95 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 491.177,76 | 500,00 | 98.235,55 |
| Останати нематеријални трошоци | 2.059.969,18 | 2.634.061,17 | 78,21 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **16.561.500,00** | **18.061.500,00** | **91,70** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **8.850,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **3.856.945,06** | **5.146.612,83** | **74,94** |
| Банкарски трошоци | 634.710,04 | 1.451.889,55 | 43,72 |
| Камати по банкарски кредити | 3.222.235,02 | 3.694.723,28 | 87,21 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***291.593.973,24*** | ***319.916.982,07*** | ***91,15*** |

[6] Извор: Бруто-биланси на М-НАВ АД Скопје за период 01.07-30.09.2025 година (со датум од 13.11.2025 година); Тримесечен извештај за работа на М-НАВ АД Скопје за период јули - септември 2024 година.

### *3.2.1 Графички приказ на реализирани расходи на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година*




Како што може да се види од Табелата 3.2 погоре, реализираните вкупни трошоци на Друштвото во третото тримесечје од 2025 година се намалени за 8,85% во споредба со истиот период од 2024 година, при што:

- Ставката – други трошоци за вработените во која влегуваат трошоци што се исплаќаат согласно Колективниот договор на М-НАВ АД Скопје, е намалена во однос на 2024 година за 67,37% и детално прикажана подолу:

**Табела 3.3: Реализирани други трошоци за вработените на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година**[7]

| *Други трошоци за вработените* | *01.07-30.09.2025* | *01.07-30.09.2024* |
|---|---|---|
| Јубилејни награди | 694.836,00 | 1.649.506,00 |
| Помош за смрт на член од семејство | 1.355.474,00 | 0,00 |
| Помош на вработени | 922.831,00 | 1.437.392,00 |
| Исплата на К-15 | 0,00 | 8.438.396,00 |
| Задолжителни лекарски прегледи на контролори | 310.668,00 | 75.111,00 |
| Трошоци за испити | 355.051,00 | 72.834,00 |
| Останати надоместоци за вработени | 16.044,00 | 0,00 |
| Трошоци за превоз на вработени надвор од Скопје | 201.891,00 | 147.545,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***3.856.795,00*** | ***11.820.784,00*** |

- Ставката – потрошени суровини и материјали покажува зголемување во процентни поени во однос на 2024 година (232,49%), но вредносно зголемувањето е мало и нема значајни финансиски импликации на Друштвото;
- Ставката – трошоци за резервни делови покажува зголемување во процентни поени во однос на 2024 година, но вредносно зголемувањето е мало, при што истата е во согласност со планираните трошоци за 2025 година;
- Ставката – поштенски, телефонски услуги и интерет е зголемена во однос на 2024 година за 9,53%, но вредносно зголемувањето е мало, при што истата е во согласност со планираните трошоци за 2025;
- Ставката – трошоци за одржување е зголемена во однос на 2024 година за 31,96% во најголем дел за потставките за тековно одржување на опремата, одржување на хигиена и одржување на моторни возила, при што истата е во согласност со планираните трошоци за 2025 година;
- Ставката – закуп на канцелариски простор покажува зголемување во процентни поени во однос на 2024 година (19,78%), но вредносно зголемувањето е мало и нема значајни финансиски импликации на Друштвото, при што истата е во согласност со планираните трошоци за 2025 година;
- Ставката – останати услуги во 2025 е намалена во однос на 2024 година за 69,29% и детално прикажана подолу:

[7] Извор: Бруто-биланси на М-НАВ АД Скопје за период 01.07-30.09.2025 година (со датум од 13.11.2025 година); Тримесечен извештај за работа на М-НАВ АД Скопје за период јули - септември 2024 година.

**Табела 3.4: Реализирани останати услуги на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година[8]**

| *Останати услуги* | *01.07-30.09.2025* | *01.07-30.09.2024* |
|---|---|---|
| | | |
| Регистрација на возила | 76.170,00 | 79.273,00 |
| Огласи во дневни весници | 91.118,00 | 28.790,00 |
| Услуга за дератизација | 48.970,00 | 6.136,00 |
| Услуга за физичко обезбедување | 0,00 | 590.000,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***216.258,00*** | ***704.199,00*** |

- Ставката – премии за осигурување е зголемена во однос на 2024 година за 164,95% во најголем дел заради потставката за платена премија за осигурување од дејност во износ од 3.413.911,00 денари, но истата е во рамки на планираните трошоци за 2025 година;
- Ставката – членарини во меѓународни организации покажува огромно зголемување во процентни поени во однос на 2024 година, но вредносно зголемувањето е мало и нема значајни финансиски импликации на Друштвото;
- Ставката - останати нематеријални трошоци во 2025 година е намалена во однос на 2024 година за 21,79%, при што истата е во согласност со планираните трошоци за 2025 година и детално прикажана подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати нематеријални трошоци на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година во споредба со истиот период од 2024 година[9]**

| *Останати нематеријални трошоци* | *01.07-30.09.2024* | *01.07-30.09.2024* |
|---|---|---|
| | | |
| **1. Наемнина за недвижности** | **486.372,00** | **406.056,00** |
| - Закуп за антена на Црн Врв | 16.002,00 | 10.661,00 |
| - Закуп на деловен простор[10] | 470.370,00 | 395.395,00 |
| **2. Надомест надзорен одбор** | 68.730,00 | 106.665,00 |
| **3. Авторски хонорари[11]** | 434.563,00 | 0,00 |
| **4. Семинари и советувања** | ***398.990,30*** | ***579.690,16*** |
| - OJTI refresh курс за КЛ[12] | 227.509,30 | 341.290,02 |
| - Останати курсеви и обуки за вработените | 171.481,00 | 238.400,14 |
| **5. Адвокатски услуги[13]** | 329.581,00 | 192.839,00 |
| **6. Одржување на софтвер** | 28.830,00 | 22.010,00 |
| **7. Останати интелектуални услуги** | ***664.108,23*** | ***1.565.677,81*** |
| - Имплементација на АТМ систем (SAT)[14] | 0,00 | 807.340,27 |

[8] Извор: Бруто-биланси на М-НАВ АД Скопје за период 01.07-30.09.2025 година (со датум од 13.11.2025 година); Тримесечен извештај за работа на М-НАВ АД Скопје за период јули - септември 2024 година.
[9] Извор: Бруто-биланси на М-НАВ АД Скопје за период 01.07-30.09.2025 година (со датум од 13.11.2025 година); Тримесечен извештај за работа на М-НАВ АД Скопје за период јули - септември 2024 година.
[10] Согласно Договор со ТАВ Македонија за изнајмување на деловен простор на Меѓународниот аеродром Скопје, согласно Договор за изнајмување на деловен простор – објект Малага во Центар, Скопје.
[11] Согласно Договори за дело на 2-ца вработени за месеците јули и август 2025 година, додека во месец септември 2025 година има 3-ца вработени. Во 2024 година нема вработени со договор на дело за извештајниот период.
[12] Задолжителни курсеви за контролорите на летање на секои 2 години.
[13] Согласно Договори со Адвокат Мефаиљ Арслани, Адвокатско Друштво Лазов-Бадева адвокати, Адвокатско Друштво Ѓорѓи Димитров адвокати, Адвокат Горан Николовски, Адвокат Константин Кратовалиев и Адвокат Фирдесе Имери, додека во 2024 година имаше склучено договори со Адвокат Мефаиљ Арслани и адвокат Константин Кратовалиев.
[14] Согласно Договор со Eurocontrol (Support Agreement).

| | | |
|---|---|---|
| - Изработка на гео-карти[15] | 565.928,23 | 516.625,42 |
| - Годишен надомест од ЦДХВ[16] | 0,00 | 146.358,00 |
| - Проценка на пазарна вредност | 0,00 | 37.500,00 |
| - Превод на документи | 0,00 | 31.307,00 |
| - Електронска база на податоци | 35.184,00 | 26.388,00 |
| - Обнова на дигитален сертификат | 6.406,00 | 159,12 |
| - Геодетски елаборат | 56.000,00 | 0,00 |
| - Изработка на мислење | 590,00 | 0,00 |
| **8. Стручни списанија и весници[17]** | 13.314,00 | 0,00 |
| **9. Трошоци за сертификација и лиценци од АЦВ** | 101.352,00 | 147.327,20 |
| **10. Други нематеријални трошоци** | ***20.500,65*** | ***19.852,00*** |
| - Дислокација на метален сеф | 0,00 | 12.000,00 |
| - Останати нематеријални трошоци[18] | 1.110,00 | 7.852,00 |
| - Виза за вработени | 7.103,82 | 0,00 |
| - Обнова на токен | 3.600,00 | 0,00 |
| - Обнова на лиценца | 5.400,00 | 0,00 |
| - Одржување на веб страна | 3.286,83 | 0,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***2.546.341,18*** | ***3.040.117,17*** |

# 4 Информација за финансиското работење на М-НАВ АД Скопје за третото тримесечје од 2025 година

М-НАВ АД Скопје во периодот 01.07-30.09.2025 година своето работење го извршуваше со 312 вработени.

За пресметковниот период трошоците за амортизацијата се дадени пресметковно, во висина од ¾ од вкупно планираната амортизација за 2025 година.

На 30.09.2025 година на сметките на М-НАВ АД Скопје го има следното салдо:

| | |
|---|---|
| денарска сметка во Комерцијална банка | 11.140.103,00 денари |
| девизна сметка во Комерцијална банка | 13.884.091,36 ЕУР |

Според принципите на Eurocontrol фактурирањето на реализацијата за тековниот месец се врши во наредниот месец, а наплатата е во месецот што следи (на пр. реализираниот сообраќај за јули се фактурира во август, а наплатата на побарувањата од месец јули пристигнува на сметката на М-НАВ АД Скопје во месец септември). Согласно овој принцип овие побарувања се со рочност од 30-60 дена.

Со состојба на 30.09.2025 година побарувањето од Eurocontrol (за прелети и терминални услуги) изнесува 205.775.477,10 денари.

[15] Годишна претплата за Бентли картографија.
[16] Годишен надомест за водење на акции.
[17] Службен весник на РСМ, Академика.
[18] Фотокопирање на документи, изработка на визит карти и сл.

ОБРАЗЦИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА И ДРУГИ ЕНТИТЕТИ

## СОДРЖИНА

1. БИЛАНС НА УСПЕХ....2

2. СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ....3

3. СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ....4

4. СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ФИКСНИ СРЕДСТВА И АМОРТИЗАЦИЈА....5

5. ПРЕГЛЕД НА КРЕДИТИ....6

6. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ....7

7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ....8

8. ПРЕГЛЕД НА КВАРТАЛНИ ПОДАТОЦИ....10

*во илјади денари*

| 1. БИЛАНС НА УСПЕХ | | ОСТВАРЕНО за трет квартал од 2024 година | ПЛАНИРАНО за трет квартал од 2025 година | ОСТВАРЕНО за трет квартал од 2025 година | Споредбена анализа оств. 2025 год./оств. 2024 год. (%) | Споредбена анализа оств. 2025 год./план. 2025 год. (%) | Структурна анализа 2025 година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Приходи од продажба | 509.425 | 496.502 | 511.907 | 100,49 | 103,10 | 99,27 |
| 30 | Останати оперативни приходи | 3.053 | 3.075 | 3.778 | 123,76 | 122,88 | 0,73 |
| 31 | **Вкупно оперативни приходи** (29+30) | **512.478** | **499.577** | **515.685** | **100,63** | **103,22** | **100,00** |
| 32 | Потрошени суровини и материјали | 273 | 750 | 907 | 332,49 | 121,01 | 0,31 |
| 33 | Трошоци за вработените | 274.738 | 283.656 | 248.824 | 90,57 | 87,72 | 85,33 |
| 34 | Амортизација на материјални средства | 18.061 | 16.561 | 16.561 | 91,70 | 100,00 | 5,71 |
| 35 | Вредносно усогласување на тековни средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 36 | Набавна вредност на продадени стоки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 37 | Останати оперативни расходи | 26.845 | 60.512 | 25.301 | 94,25 | 41,81 | 8,72 |
| 38 | **Вкупно оперативни расходи** (32+33+34+35+36+37) | **319.917** | **361.480** | **291.594** | **91,15** | **80,67** | **100,00** |
| 39 | **Добивка од оперативно работење** (31+38) | **192.561** | **138.096** | **224.091** | **116,37** | **162,27** | **100,00** |
| 40 | Приходи од финансирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 41 | Расходи од финансирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 42 | **Добивка пред оданочување** (39+40-41) | **192.561** | **138.096** | **224.091** | **116,37** | **162,27** | **100,00** |
| 43 | Данок на добивка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 44 | **Нето добивка / загуба** | **192.561** | **138.096** | **224.091** | **116,37** | **162,27** | **100,00** |

| | 2. СПЕЦИФИРАНИ ПРИХОДИ | ОСТВАРЕНО за трет квартал од 2024 година | ПЛАНИРАНО за трет квартал од 2025 година | ОСТВАРЕНО за трет квартал од 2025 година | Споредбена анализа оств. 2025 год./оств. 2024 год. (%) | Споредбена анализа оств. 2025 год./план. 2025 год. (%) | Структурна Анализа 2025 година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Прелети | 448.494.639,85 | 441.124.057,00 | 451.726.402,68 | 100,72 | 102,40 | 87,60 |
| 2 | Терминални услуги | 60.930.136,41 | 55.378.018,00 | 60.180.474,52 | 98,77 | 108,67 | 11,67 |
| 3 | **Вкупни оперативни приходи (1 + 2)** | **509.424.776,27** | **496.502.075,00** | **511.906.877,20** | **100,49** | **103,10** | **99,27** |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| 4 | Останати приходи | 3.052.980,39 | 3.075.000,00 | 3.778.416,19 | 123,76 | 122,88 | 0,73 |
| 5 | **Вкупно останати приходи (4)** | **3.052.980,39** | **3.075.000,00** | **3.778.416,19** | **123,76** | **122,88** | **0,73** |
| 6 | **Вкупно приходи (3 +5)** | **512.477.756,66** | **499.577.075,00** | **515.685.293,39** | **100,63** | **103,22** | **100,00** |

| | 3. СПЕЦИФИРАНИ РАСХОДИ | ОСТВАРЕНО за трет квартал од 2024 година | ПЛАНИРАНО за трет квартал од 2025 година | ОСТВАРЕНО за трет квартал од 2025 година | Споредбена анализа оств. 2025 год./ оств. 2024 год. (%) | Споредбена анализа оств. 2025 год./ план. 2025 год. (%) | Структурна Анализа 2025 година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Трошоци за вработените | 274.737.633,00 | 283.656.538,00 | 248.823.947,00 | 90,57 | 87,72 | 85,33 |
| 2 | Материјални трошоци | 14.549.912,94 | 26.750.000,00 | 13.812.383,79 | 94,93 | 51,64 | 4,74 |
| 3 | Нематеријални трошоци | 7.421.323,30 | 24.512.500,00 | 8.530.347,39 | 114,94 | 34,80 | 2,93 |
| 4 | Амортизација | 18.061.500,00 | 16.561.500,00 | 16.561.500,00 | 91,70 | 100,00 | 5,68 |
| 5 | **Вкупно оперативни расходи (1 + 2 + 3 + 4)** | **314.770.369,24** | **351.480.538,00** | **287.728.178,18** | **91,41** | **81,86** | **98,67** |
| | **Останати расходи** | | | | | | |
| 6 | Останати трошоци од работењето | 0,00 | 2.500.00,00 | 8.850,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7 | Финансиски трошоци | 5.146.612,83 | 7.500.000,00 | 3.856.945,06 | 74,94 | 51,43 | 1,33 |
| 8 | **Вкупно останати расходи (6 + 7)** | **5.146.612,83** | **10.000.000,00** | **3.865.795,06** | **75,11** | **38,66** | **1,33** |
| 9 | **Вкупно расходи (5 +8)** | **319.916.982,07** | **361.480.538,00** | **291.593.973,24** | **91,15** | **80,67** | **100,00** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ | **262.916.849,00** | **271.656.538,00** | **244.967.152,00** | **93,17** | **90,18** | **84,01** |
| 2 | ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ | **309** | **327** | **312** | **100,97** | **95,41** | **100,00** |

| | 4. СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ФИКСНИ СРЕДСТВА И АМОРТИЗАЦИЈА | СОСТОЈБА за трет квартал од 2024 година | АМОРТИЗАЦИЈА за трет квартал од 2024 година | СОСТОЈБА за трет квартал од 2025 година | АМОРТИЗАЦИЈА за трет квартал од 2025 година | ПРЕДВИДЕНА АМОРТИЗАЦИЈА за 2025 година | Процент на промена на основни средства (%) | Процент на промена на амортизација (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | | | | | |
| 1 | Имот, машини и опрема | 0,00 | 17.255.957,10 | 0,00 | 15.670.491,30 | 62.681.973,20 | 0,00 | 90,81 |
| 2 | Возила | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3 | Мебел и вградување на мебел | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 4 | Останати материјални основни средства | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 5 | **Вкупно материјални средства** (1 + 2 + 3 + 4) | **0,00** | **17.255.957,10** | **0,00** | **15.670.491,30** | **62.681.973,20** | **0,00** | **90,81** |
| | **НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | | | | | |
| 6 | Дадени аванси | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7 | Права | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 8 | Гудвил | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 9 | Трошоци за истражување и развој | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 10 | Други нематеријални средства | 0,00 | 805.542,90 | 0,00 | 891.008,70 | 3.564.026,80 | 0,00 | 110,61 |
| 11 | **Вкупно нематеријални средства** (6 +7 + 8 + 9 + 10) | **0,00** | **805.542,90** | **0,00** | **891.008,70** | 3.564.026,80 | **0,00** | **110,61** |
| 12 | **Вкупно средства** (5 +11) | **0,00** | **18.061.500,00** | **0,00** | **16.561.500,00** | **66.246.000,00** | **0,00** | **91,70** |

